**За 8. одделение**

Поради технички пропусти при внесувањето на тестовите во системот за полагање, во тестот за 8. одд. едно прашање се повторува. За време на тестирањето, учениците биле известени од страна на тестаторите да ги одговараат двете прашања. Во интерес на учениците и со цел да нема намалување на бројот на освоени бодови кај оние кои точно го одговориле прашањето, комисијата за натпревари одлучи да не го исклучи прашањето кое се повторува во тестот.

Дополнително, за прашањето дадено подолу ќе се признаат два точни одговори. Со тоа, на учениците кои заокружиле панкреасен сок или желудочен сок им се доделува 1 бод.

**Заокружи го точниот одговор. Што би ставил во епрувета во која се наоѓа желатин со цел да се изврши негово разградување?**

A. Плунка

**B. Панкреасен сок**

**C. Желудочен сок**

D. Дигестивен сок од дебело црево

**За 9. Одделение**

Поради технички пропусти при внесувањето на тестовите во системот за полагање, во тестот за 9. одд. на следните прашања прифатени се повеќе точни одговори. Корекцијата на бодови е направена кај сите учесници

**Растенијата како што се крушата и јаболкото имаат крупни и сочни плодови. Дали нивните семиња природно успеваат да се распространат на поголеми растојанија?**

A. **Да, со помош на животните кои ги јадат плодовите**

B. Да, со помош на ветер

C. Не, тие не се распространуваат на поголеми растојанија

D. **Да, со помош на човекот**

**Што се случува со нивото на LH хормонот во крвта по овулација?**

A. **Се зголемува**

B. **Се намалува**

C. Гонадотропните хормони немаат флуктуации на нивото во крвта

Овие промени во бодовите се внесени во конечната табела со резултати и бодувањето и редоследот на учесниците се конечни.

Комисија за натпревари,

Македонско биолошко друштво